**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 11-242**
**15.05.2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 13, член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014) и Извештајот бр. 11-2767/1 од 13.05.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. 02-2740/4 од 14.05.2014 година, поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на 30-та седница, одржана на 14.05.2014 година, донесе:

**Решение**
**за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар,** на ден 08.05.2014 година, при реемитување на програмски сервиси во својот аналоген програмски пакет, направил повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014).

2. Повредата од точка 1 на ова решение, е сторена на ден 08.05.2014 година, во 13,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор направен, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, врз реемитуваните програмски сервиси во аналогниот пакет, е констатирано дека **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар,** со седиште во Гостивар, ги реемитува следниве телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: MTV Adria, TOP Channel, Balkanika, Vizion Plus, Tring Sport News, Cinemania, Sport Klub 1 (SK1), Менада, Канал 5 плус и Алфа ТВ.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: MTV Adria, TOP Channel, Balkanika, Vizion Plus, Tring Sport News, Cinemania, Sport Klub 1 (SK1), Менада, Канал 5 плус и Алфа ТВ.

4. По истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар**, постапил по налогот односно дали престанал со реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

5. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 08.05.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), на начин што **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар**, реемитувал странски телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата е сторена на ден 08.05.2014 година, во 13,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет, е констатирано дека **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар**, со седиште во Гостивар, ги реемитува следниве телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: MTV Adria, TOP Channel, Balkanika, Vizion Plus, Tring Sport News, Cinemania, Sport Klub 1 (SK1), Менада, Канал 5 плус и Алфа ТВ.

Следствено на тоа, а врз основа на член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-2767/1 од 13.05.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. 02-2740/4 од 14.05.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 и 2 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на ден 14.05.2014 година, донесе Решение со кое на споменатиот оператор му наложи исклучување на реемитувањето на нерегистрираниот телевизиски програмски сервис наведен во изреката на ова решение.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар**, постапило по налогот и престанало со реемитување на програмски сервиси во својот аналоген програмски пакет, кои не се регистрирани во Агенцијата.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар;
- Управителот на ТРД Оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.